**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403 – 305/6**

**Скопје, 08. 04. 2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за наменски дотации (930) на Општина Бутел за 2006 година, кои се прикажани на страните 3 и 4 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката за наменски дотации на општина Бутел за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Петре Латиновски, градоначалник на општина Бутел, во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 04.02.2008 до 06.02.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажува финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. На сметката за Наменски дотации (930) на Општина Бутел на ден 31 декември 2006 година има неискористени средства од корисниците на наменските дотации во износ од 700 илјади денари што е спротивно на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Овие средства останале неискористени иако корисниците имале неизмирени обврски во вкупен износ од 2,142 илјади денари, а кои во најголем дел се однесуваат на набавено масло за греење .
Корисниците поради несредена сметководствена еведенција, неевидентирани обврски и недоставени извештаи до општината за неизмирените обврски, не ги искористиле средствата. Со состојба до декември 2007 година корисниците ги имаат измирено речиси сите обврски.

**Препорака:**

Средствата на сметката за наменски дотации да се користат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година со динамика, согласно финансиските планови на корисниците на тие средства.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации - 930 на Општина Бутел на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменско и законско користење на средствата за наменски дотации по корисници, ќе се изрази во извештаите на државните ревизори за финансиките извештаи на соодветните корисници на средствата за наменски дотации.

**Скопје, 07.04.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**ОПШТИНА БУТЕЛ СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ 930**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 19,878 | 8,866 |
| **Вкупно приходи** | | **19,878** | **8,866** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 19,178 | 8,460 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **19,178** | **8,460** |
| **Вкупно расходи** | | **19,178** | **8,460** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **700** | **406** |

## ОПШТИНА БУТЕЛ СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ 930

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 700 | 406 |
| **Вкупно тековни средства** | | **700** | **406** |
| **Вкупна актива** | | **700** | **406** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 700 | 406 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **700** | **406** |
| **Вкупна пасива** | | **700** | **406** |